Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-1111/1
03.03. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

**И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А Т А**
**на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје**
**за 2020 година**

Согласно Законот за трговски друштва и општите акти на друштвото Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото кое го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Извештајот се поднесува со цел да се запознаат акционерите со превземени активности на Надзорниот одбор на Друштвото.

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје на состанокот одржан на 02.03.2021 година, а согласно своите надлежности ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2020 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, со предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната сметка,извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2020 година од овластениот ревизор МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје, при што констатира дека:

- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2020 година изготвена е согласно прописите на Северна Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа од МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје.

Согласно погоре изнесената констататација Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2020 година со предложената распределба на добивката.

Во тековната 2020 година активностите на Надзорниот одбор беа насочени кон спроведување на објективна контрола на работењето и управувањето со друштвото. Главна цел на Надзорниот одбор притоа беше подобрување на квалитетот на работење на друштвото, заштита и зголемување на вредноста на капиталот на друштвото како и реализирање на поставените планови на друштвото.

Надзорниот одбор во деловната 2020 година ја имаше потребната соработка со Управниот одбор и со Службата за внатрешна ревизија на Друштвото. По направената проверка и извршениот увид во документацијата на Друштвото констатирано е дека работењето на Управниот одбор е во согласност со законските прописи и актите на друштвото. Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештајот на службата за внатрешна ревизија е квалитетен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии.

Надзорниот одбор во 2020 година во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор и на друштвото во целина, како и работењето на друштвата во негова сопственост. Надзорниот одбор во текот на 2020 година одржа вкупно осум (8) седници преку кои беа разгледани Годишниот и Полугодишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото и притоа констатира дека Службата во 2020 година не утврдила никакви неправилности во

работењето на секторите и службите на друштвото, по што едногласно ги одобри Извештаите за нејзината работа.

Исто така Надзорниот одбор ги разгледуваше и предлог - одлуките од Управниот одбор за остварените резултати по годишна сметка, распределба на добивка по годишна сметка како и извештајот за извршена ревизија на годишна сметка од овластен ревизор за 2020 година.

Членовите на Надзорниот одбор дадоа одобрување-согласност за донесување на одлука за формирање на нов сектор -сектор Канабис, во рамките на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ. Дадена е согласност и за донесување на одлука за долгорочно кредитно задолжување на РЕПЛЕК Ад како и согласност на Управителот на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ за долгорочно кредитно задолжување. Надзорниот одбор ја разгледа и ја одобри одлуката за усогласување на предметот на работење на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ за вршење на дејност производство на хемикалии ( Дезинфициенси,Детергенти/биоцидни производи). Беше одобрена и одлуката за проширување на дејноста на РЕПЛЕК АД со основање на подружница/продавница за трговија на мало со храна и додатоци на храна.

По разгледување на предложените Одлуки Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје на седницата која ќе се одржи на ден 08.04.2021 година да донесе Одлуки за нивно усвојување.

Во текот на 2020 година работењето на Надзорниот одбор беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје.

Скопје, .2021 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател,
Томовски Александар

__________________

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД увоз-извоз Скопје

Адела Николовска - член __________________

Димовски Томислав - член __________________

Анастазија Јоксимовиќ- Независен член __________________